Врз основа на член 173 став (3) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), министерот за труд и социјална политика донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 11-9131/4
13-09-2018 20__ год.
СКОПЈЕ

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПРИРАЧНИКОТ „ВОВЕДУВАЊЕ ВО МАТЕМАТИКА"

Се одобрува употреба на прирачникот „Воведување во математика" за деца од 4 - 5 години, од Издавачката куќа „Интеа Прес – Новак" Скопје, како воспитно образовен материјал за реализација на активности во установите за деца.

## Образложение

Врз основа на барањето бр.11-9131/1 од 23.08.2018 година, доставено од страна на Издавачката куќа „Интеа Прес – Новак" Скопје, за издавање на решение за употреба на прирачникот „Воведување во математика", од авторот Елисавета Смичкоска – Киковиќ, за деца од 4–5 години во установите за деца, Министерството за труд и социјална политика согласно Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), побара од Педагошка служба стручно мислење.
Од страна на Комисијата за давање на мислења за одобрение и употреба на прирачници и детски списанија - Педагошка служба, доставеното е стручно мислење бр.22-1144/2 од 12.09.2018 година, дека истото соодветствува со возраста на децата од предучилишно образование за кои е наменето.

Врз основа на претходно даденото стручно мислење на Педагошка служба, а во врска со член 173 став (3) од Законот за заштита на деца (“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18 ), се донесе Решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена по приемот на истото, преку Министерството за труд и социјална политика до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

МИНИСТЕР
Мила Царовска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ

Изготвил: Д. Николова
Одобрил: В. Ристовска